МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ

КУЛТУРНО – ПРОСВЕТНА ЗАЕДНИЦА – СКОПЈЕ

# СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА „СКОПСКО ЛЕТО '91“









# С И М О Н ШЕМОВ

# S I M O N ŠEMOV

ГРАФИКИ – PRINTS (ДОНАЦИЈА ЗА СТОМАТОЛОШКАТА КЛИНИКА – СКОПЈЕ)

МСУ – СКОПЈЕ 21.6 - 21.7, 1991

Во отуѓеноста во која и со која живееме, во светот на трауматичните одредености на цивилизациските придобивки, во севкупниот процес на „селфиш“ живеење и комуницирање, овој чин на една „чудна“ постапка за донација на 50 графики што подразбираат процес на долго размислување, преиспитување, транспонирање или преведување на идејата во творечки, визуелен чин, значи и поместување на стандардната етика и нејзиното подигање на еден повисок степен и рамниште како една морална обврска.
За да се облагороди болнички простор како дел од човечката судбина, можеби и еден ваков гест ќе стане апел за почитување на човекот со што се воспоставува и иницира и поинаков однос кон содржината на живеењето.
Севкупниот досегашен опус на Симон Шемов, автор со специфична ликовна ерудиција, со консеквентно спроведување на идејната синтакса, навлегува во изучување и аналитичко расчленување на сегментот и чинот на ИГРАТА (детските игри и играта на природата), како битен (можеби основен) „симптом“ од животот, за да воспостави синтеза на асоцијативно-симболична ликовна постапка во смелото решавање на композицијата, во „сигурен“ колористички третман и суптилно усогласување на личната визија низ предмет-симбол. Овие дела се „илустрација“ на еден сегмент од неговото творештво, симболични сигнатури предадени со религиозна страст кон играта со ирационално-рационално духовно единство, каде што тој симболичен јазик станува конкретен, но во исто време и трансцендентален. Симболот е „освоен и заробен“ во делото кое и самото станува симбол и му дава поинаков облик во контекстот на сопствените чувства, каде што „стеблото и коренот се наоѓаат во неговата психа“.
Во овие предлошки не станува збор за решавање на ликовни проблеми со класични постулати на графичкото умеење, туку за една потполна отвореност кон новите движења и поместување на ликовната вокација, за слободно впуштање во експериментот како нераскинлив дел од неговиот принцип на создавање. Но во овој случај ИГРАТА не треба да се разбере како случајност, поведување по „игра поради игра“, со што се банализира поимот, туку игра сфатена како осмислување на хармонично, ритмично распределување и усогласување на композициските елементи. Една сериозна, осмислена игра на „шаховско поле“, каде што секој потег бара долги подготовки, но и брза (ре)акција.
Интересот за детски игри, предметност, природа... коинцидираат и со рефлексивна подлога: „начнатост“ од еден модерен начин на живеење, со нескротливо темпо и едновремена емотивна, духовна, носталгична врзаност за корените на сопственото минато.
Препознатливоста на помалку или повеќе асоцијативни сегменти нема некои битни репери со базичната мисла на Шемов, така што привидната наративност (најчесто предадена како симбол-знак), во вителот и замавот на имагинацијата го исклучува едностраното аналитичко толкување на неговиот творечки чин. Претпоставка за овие неколку елементи како можни носители на делата, заедно со оние што настанаа како последица на „урбаниот шок“, можат, на некој начин, да ја осиромашат мистичноста на играта како „пресудна убавина во излагањето на еден фантаст.“ Оттука неговите графики повеќе бараат медитација, отколку перцепција. Барајќи ја внатрешната, спиритуалната страна на природата на ИГРАТА, Шемов мисли на духовните аспекти на човекот, додека природата е битна како сегмент од играта која се преобразува по изборот на авторот и така модифицирана ја изразува неговата духовна, емотивна состојба. „Можно е да се тврди дека човекот и природата припаѓаат на ист ред на стварноста и дека за уметноста нема значај ниту еден ниту друг вид на таа стварност, туку само степен до кој уметникот го разбира кој и да е вид на целината“. (Х. Рид)
Принцип на компонирање, ред, техничката совршеност... се битни елементи во графиките на Шемов, но она што е најбитно, што им дава шарм, животност и дејство, е непосреден израз на чувствата во обликот, формата, бојата, потегот... што одговараат на изразот на тоа чувство, сепак спонтано во својата прецизна, видлива ликовна „уреденост“.
Симболот – знакот ги содржи во себе сите потребни (ликовни) елементи на пластично презентирање на сознанијата, интуицијата, чувствата, на она што го претставува животот на духот, слободата на изразот, преобразувањето на стварното, мотивот, видливото, или на сеќавањата, асоцијациите... се додека не се сообразат со она неискажаното и неизразеното. Овој елемент се повеќе станува индекс во кој и со кој се создава една нова објективност. Додека во циклусот Детски игри животот на „сликата“ е во соодносот со линијата, бојата, формата, дијалог на геометризирани површини предадени не како објект на природата, туку на ИГРАТА на овие елементи поставени во „плошно“ движење кои ја воспоставуваат автономноста на делото, имагинацијата на Шемов во циклусот Локуф е поместена во атмосфера која станува и е природа, визија, животот... Постапно се доближува до еден таков начин на ликовна реплика што во потполност ја содржи автономноста на линијата, бојата, формата, изразени како „потпис“, како конструкција со осмислени ефекти, како обмислена и „свесна“ композиција. Таа математичка прецизност Шемов ја смета како дел од ИГРАТА, но и како универзален јазик.
Овие „меки“, лирични листови, на кои еден мотив е навидум варијација на една тема, се конкретни ликовни сензации базирани врз силна перцептивна моќ. Обидувајќи се да ги изолира (сензациите) или да ги ослободи од агресијата на знаковност, да ги остави во нивниот изворен, лиричен облик, Шемов гради еден таков амбиент во кој менувањето на колористичките т.е. тонските сегменти и интонации, предочуваат поинаква атмосфера, изменета или поместена ликовна целина каде што се извлечени или извадени елементите на мотивот со осмислени, исполнети „етапи“ на една визија на композицијата, искажани во форма што симболизира, но и го означува начинот на животот на Локуф, неговите изгреви и зајдисонца, неговите дождови и виножита, неговата вистинска, суштинска стварност...
„Се што човек има, тоа е неговото ЈАС. Тоа е сонце со илјадници зраци во неговата утроба. Останатото не значи ништо.“

**Викторија Васева Димеска**

СИМОН ШЕМОВ

Роден е 1941 година во Кавадарци. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград (1964). Бил на постдипломски студии во Англија. Вонреден професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.
Адреса: „Партизански одреди“ 101/1 – 10, Скопје, тел. 251-739

SIMON ŠEMOV

Born 1941 in Kavadarci, Graduated from the Academy of Fine Arts in Belgrade in 1964. Attended postgraduate studies in London. Teaches painting and drawing at the Faculty of Fine Arts in Skopje.
Address: Partizanski odredi 101 – 1/10, 91000 Skopje, tel. 251-739

## КАТАЛОГ
## CATALOGUE

ОД ЦИКЛУСОТ „ДЕТСКИ ИГРИ I“

1. ДУВАЊЕ МЕУРЧИЊА ОД САПУНИЦА, 1977, 70 × 50 см.
   BLOWING SOAP BUBBLES
2. ЦИУ – ЦИУ ДАНЧЕ, 1977, 70 × 50 см.
   CIU – CIU DANČE
3. БРКАНИЦА, 1978/79, 50 × 70 см.
   TUG
4. ПОСМАТРАЊЕ НА ЅВЕЗДИ, 1979, 70 × 50 см.
   OBSERVING STARS
5. ДЕТЕ ПОСМАТРА ЅВЕЗДИ, 1979, 50 × 70 см.
   CHILD OBSERVING STARS
6. ДЕТЕ ГЛЕДА ВО ЅВЕЗДИ I, 1980, 70 × 50 см.
   CHILD WATCHES STARS I
7. ДЕТЕ ГЛЕДА ВО ЅВЕЗДИ II, 1980, 70 × 50 см.
   CHILD WATCHES STARS II
8. ИГРА СО БОИ, 1980, 70 × 50 см.
   GAME WITH COLORS
9. ДЕТЕ ПОКАЖУВА СО ПРСТИ КОН ЅВЕЗДИ, 1981, 70 × 50 см.
   CHILD POINTING WITH FINGERS AT STARS
10. ПРСТ КОН ЅВЕЗДИ, 1982, 70 × 50 см.
    FINGER TOWARDS STARS
11. ДЕТЕ И УНИВЕРЗУМ, 1983, 70 × 50 см.
    CHILD AND UNIVERSE
12. ДЕТЕ И БЕСКОНЕЧНОСТ, 1983, 70 × 50 см.
    CHILD AND INFINITY
13. ПРВА СТРАНИЦА ОД ИГРАТА, 1984, 70 × 50 см.
    THE FIRST PAGE OF THE PLAY

## ОД ЦИКЛУСОТ „ДЕТСКИ ИГРИ II“

1. ГЛЕДАЈЌИ ЅВЕЗДА ШТО ПАЃА, 1983, 34,7 × 22,2 см.
   LOOKING AT A FALLING STAR
2. ДЕТЕ ШТО ГЛЕДА ВО ПЛАМЕН, 1983, 34,7 × 22,2 см.
   CHILD WATCHING A FLAME
3. ДЕТЕ ШТО ТРЧА НА ДОЖД, 1983, 34,7 × 22,2 см.
   CHILD RUNNING IN A RAIN
4. ДЕТЕ ШТО СЕ КРИЕ ВО ТРЕВА, 1983, 34,7 × 22,2 см.
   CHILD HIDDING IN A GRASS
5. ДЕТЕ КОЕ ПЛИВА, 1984, 34,7 × 22,2 см.
   CHILD SWIMMING
6. ПРАВЕЊЕ КОЛАЧИЊА ОД КАЛ, 1984, 34,7 × 22,2 см.
   MAKING MUD CAKES
7. ДЕТЕ ШТО СЕ ПЛАШИ ОД МРАК, 1985, 34,7 × 22,2 см.
   CHILD FRIGHTEN FROM THE DARK
8. ДЕТЕ СО КАПА ОД ВЕСНИК, 1986, 34,7 × 22,2 см.
   CHILD WITH A NEWSPAPER CAP
9. ПРАВЕЊЕ ВИРОВИ, 1987/88, 34,7 × 22,2 см.
   MAKING WHIRLPOOLS
10. ФРЛАЊЕ КАМЕН, 1988, 34,7 × 22,2 см.
    THROWING A STONE
11. ЕЗЕРО, 1989, 22,2 × 34,7 см.
    LAKE
12. ЕЗЕРО, 1, I, 1990, 22,2 × 34,7 см.
    LAKE
13. ЕЗЕРО, 1, II, 1990, 22,2 × 34,7 см.
    LAKE
14. ПОВРАТЕН БРАН, I, 1991, 34,7 × 22,2 см.
    RETURNING WAVE
15. ПОВРАТЕН БРАН, II, 1991, 34,7 × 22,2 см.
    RETURNING WAVE
16. ЕЗЕРО, 2, I, 1991, 22,2 × 34,7 см.
    LAKE
17. ЕЗЕРО, 2 II, 1991, 22,2 × 34,7 см.
    LAKE

## ОД ЦИКЛУСОТ „ЛОКУФ“

1. ЛОКУФ, 1–I, 1988, 48,4 × 62,3 см.
   LOKUF
2. ЛОКУФ, 1–II, 1988, 48,4 × 62,3 см.
   LOKUF
3. ЛОКУФ, 3, I, 1989, 48,4 × 62,3 см.
   LOKUF
4. ЛОКУФ, 3, II, 1989, 48,4 × 62,3 см.
   LOKUF
5. ЛОКУФ, 4, I, 1989, 48,4 × 62,3 см.
   LOKUF
6. ЛОКУФ, 4, II, 1989, 48,4 × 62,3 см.
   LOKUF
7. ЛОКУФ, 4, III, 1989, 48, × 62,3 см.
   LOKUF
8. ЛОКУФ, 5, I, 1989, 48,4 × 62,3 см.
   LOKUF
9. ЛОКУФ, 5, II, 1989, 48,4 × 62,3 см.
   LOKUF
10. ЛОКУФ, 6, I, 1989, 48,4 × 62,3 см.
    LOKUF
11. ЛОКУФ, 6, II, 1989, 48,4 × 62,3 см.
    LOKUF
12. ЛОКУФ, 7, I, 1990, 48,4 × 62,3 см.
    LOKUF
13. ЛОКУФ, 7, II, 1990, 48,4 × 62,3 см.
    LOKUF
14. ЛОКУФ, 8, I, 1991, 48,4 × 62,3 см.
    LOKUF
15. ЛОКУФ, 8–II, 1991, 48,4 × 62,3 см.
    LOKUF
16. ЛОКУФ, 8–III, 1991, 48,4 × 62,3 см.
    LOKUF
17. ЛОКУФ, 8, IV, 1991, 48,4 × 62,3 см.
    LOKUF

Организатори: Музеј на современата уметност – Скопје и Културно-просветна заедница – Скопје
Предговор: Викторија Васева Димеска
Превод на англиски: Филип Корженски
Ликовно обликување: Драган Петковиќ
Колор дијапозитиви: Александар Кондев и З. Ивановски
Печат: НИПРО Нова Македонија, ООЗТ Печатница, Скопје
Тираж: 600

Organization:
Museum of contemporary art – Skopje and cultural and educational association of Skopje organization of the exhibition, forward: Viktorija Vaseva Dimeska
Translated into english: Filip Korženski
Slides: Aleksandar Kondev, and Z. Ivanovski
Lay-out: Dragan Petković
Printed by: NIPRO „Nova Makedonija" OOZT Pečatnica – Skopje
600 copies

Публикацијата за изложбата на цртежи на Симон Шемов во Музејот на современата уметност, ќе биде промовирана во текот на јули, во рамките на „Скопско лето '91".